ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 10-241/5**

**Дата: 29.02.2012**

ДО
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст Собрание), сметка на основниот буџет (637) за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2008 година и изразено е мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива изразено е мислење без резерва.

Препораките дадени во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година се спроведени, со исклучок на една препорака.

Врз основа на резултатите од ревизијата за 2010 година, изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на активностите во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- уредување на основицата за пресметување на платата на пратениците во Собранието;
- утврдување на критериуми за оценување на оправданоста на отсуството на пратениците согласно Законот за пратеници и

- отсуство на пропишан подзаконски акт за утврдување на критериуми за начинот на давање и примање на подароци, пријавување и нивна процена, начинот на доплата за личен подарок, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на подарок.

Согласно Законот на пратениците, уредено е дека пратениците во Собранието имаат право на надоместок за користење на автомобили во лична сопственост за службени цели, во висина од 30% од продажната цена на еден литар гориво, според изминат километар. Ревизијата смета дека е потребно да се направи анализа на ваквиот начин на надоместување на трошоците на пратениците во однос на реалниот трошок и тоа за амортизација на возилото, гориво, патарина и други патни трошоци и доколку се констатираат значителни отстапувања, да се преиспита вака уреденото законското решение за покривање на наведените патните трошоци на пратениците и да се дадат насоки за натамошно постапување.

Од страна на Собранието на Република Македонија не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законскиот рок.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 11-13 заедно со ревизија на усогласеност на Собранието на Република Македонија сметка на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2008 година и изразено е мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Трајко Вељановски, Претседател на Собранието на Република Македонија од 21.06.2008 година и
- Жарко Денковски, Генерален секретар на Собранието на Република Македонија од 29.01.2007 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Собранието на Република Македонија/сметка на основен буџет (637) се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.11.2011 до 20.12.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година-спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре го опфати спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година, при што е констатирано дека дадените препораки се спроведени, со исклучок на една препорака. Во Прилог број 1 дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 27.12.2011 година.
Од страна на Собранието на Република Македонија не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законскиот рок.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во известувачкиот период по пат на склучување на месечни договори за дело, ангажирани се лица за извршување на работни задачи за одржување на хигиена, административно технички и општи работи, преведување на собраниски материјали од македонски на албански јазик и обратно, чиј број се движи од 25 до 30 лица. За ангажираните лица исплатени се средства за надомест и персонален данок на доход во вкупен износ од 1.637

илјади денари. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот за работните односи, Законот за облигационите односи и Законот за агенциите за привремени вработувања. Вршење на континуирани работи кои немаат третман на договор на дело, предизвикува неможност од остварување на правото од работен однос односно правото на пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување, како и необезбедување на потребните согласности за ангажирање на лицата согласно одредбите на Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетот за 2010 година.
Во текот на 2011 година по пат на склучување на месечни договори за дело, ангажирани се 9 лица.

**Препорака**
Раководното лице на Собранието во соработка со надлежните органи да превземе активности потребата од дополнителна работна сила и нивно ангажирање да ја врши преку Агенцијата за привремени вработувања, односно со нивно редовно вработување. Ангажирањето на лица со договор за дело да се врши за определена работа (изработка, поправка на предмет, физичка или интелектуална работа), за што работодавецот исплаќа надомест.

## 4.2. Биланс на состојба

4.2.1. Со извршената ревизија на постојаните средства во делот на начин на презентирање, располагање со соодветна документација, потврдување на извршеното запишување на правото на сопственост/користење кај надлежните органи (Агенција за катастар на недвижности), како и вреднување на истите, ревизијата го утврди следното:

- евидентирани се градежни објекти со почетна состојба во износ од 420.978 илјади денари, за кои на ревизијата презентиран е документ за сопственост/имотен лист во кој како носител на правото на недвижностите е наведена Република Македонија, без да е определено правото на користење од страна на Собранието и
- не е извршено евидентирање на земјиштето во деловните книги. На ревизијата и беше презентиран документ за сопственост/имотен лист каде носител на правото на недвижностите е Република Македонија, без да е определено правото на користење од страна на Собранието.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за сметководството на буџетот и буџетските корисници и имаат влијание врз искажаните податоци во финансиските извештаи.
Во текот на вршење на ревизијата од страна на раководното лице на Собранието отпочната е постапка за обезбедување на имотен лист за градежниот објект и земјиштето со право на користење на Собранието.

**Препорака**
Раководното лице на Собранието да ги задолжи одговорните лица по обезбедувањето на имотниот лист за земјиштето со право на користење на Собранието во соработка со надлежните органи (Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот формирана од советот на надлежната општина) да превземат активности за утврдување на пазарната вредност на земјиштето, како и негово евидентирање во деловните книги.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Собрание на Република Македонија, сметка на основен буџет (637) на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Собрание на Република Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. До денот на донесувањето на Законот за пратениците, кој стапува на сила на ден 11.10.2005 година, правото на плата и други надоместоци на пратениците во Собранието, биле утврдени со Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, во кој се утврдени

коефициентите за пресметување на плата како и основицата за пресметување на платата.

Со стапување во сила на Законот за пратениците, согласно член 29 од наведениот закон, платите на пратениците се определени според коефициенти утврдени со Одлука што ја донесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието, определени во висина од 3,5 до 4,0. Утврдувањето на основицата за пресметување на платата на пратениците не е предвидено односно уредено во Законот за пратениците.

Заради целосно законско уредување на правото на платата на пратениците во Собранието (коефициенти и основица), ревизијата смета дека правото и висината за утврдувањето на основицата за пресметување на платата на пратениците, потребно е да биде уредено со Законот за пратениците.

6.2. Со Деловникот на Собранието на Република Македонија уредени се правата и обврските на пратениците поврзани со присуствата на седници на Собранието и работните тела како и правото на плата, патни и дневни трошоци кои произлегуваат од присуство односно отсуство од работата на Собранието. Отсуството од седници, доколку е најавено пред нејзиното одржување се потврдува како оправдано отсуство. Со Деловникот на Собранието на Република Македонија не е дефинирано во кои ситуации најавено отсуствување од седница ќе се прифати како оправдано, кои согласно член 10 став 4 од Законот за пратениците потребно е да бидат определени со наведениот деловник.

Исто така, Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Собранието на Република Македонија за 2008 година, ја истакна состојбата со оправданите отсуства и дадена е препорака за утврдување на критериуми за оценување на оправданоста за отсуство на пратениците.

Ревизијата смета дека потребно е да отпочнат активности за утврдување на критериуми за оценување на оправданоста на отсуството на пратениците согласно Законот за пратеници.

6.3. Собранието располага со евиденција по вид и количина на сите добиени подароци, без истите да бидат евидентирани во деловните книги.

Согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, во делот Давање и примање подароци, член 75, предвидено е дека Владата на Република Македонија со пропис требала да ги уреди критериумите, начинот на давање и примање на подароци, пријавувањето на подароците, начинот на процена на подароците, начинот на доплата за личен подарок, како и користењето, чувањето и

евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на подарок, најдоцна до септември 2005 година, согласно член 104 од наведениот закон.

Ревизијата смета дека неопходно е донесување на законски предвидениот пропис од страна на Владата на Република Македонија, заради воспоставување на комплетна евиденција на стварите што станале државна сопственост по пат на подарок, кај државните органи.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

7.1. Согласно Законот на пратениците, во делот Други лични примања и надоместоци на трошоци, уредено е дека пратениците во Собранието имаат право на надоместок за користење на автомобили во лична сопственост за службени цели, во висина од 30% од продажната цена на еден литар гориво, според изминат километар за возилото кое се користи.

Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Собранието на Република Македонија за 2008 година, во однос на наведениот надоместок препорача да се преиспита висината предвидена за надоместување, во правец на нејзино намалување, со оглед на тоа што учеството на наведените расходи е значително во вкупните расходи на Собранието, како и имајќи во предвид дека висината на цената на горивото во периодот на донесување на правото била значително помала.

За наведениот надоместок, за присуство на седници на Собрание и работни тела, за пратениците во Собранието, за периодот јануари – декември 2010 година, пресметани се надоместоци во износ од 54.700 илјади денари, од кои средствата во износ од 18.369 илјади денари за месеците јануари, февруари, март, април и дел од мај 2010 година, се исплатени во текот на 2010 година, додека средствата во износот од 36.331 илјади денари се пренесени како обврски за исплата во 2011 година.

Ревизијата смета дека е потребно да се направи анализа на ваквиот начин на надоместување на трошоците на пратениците за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели во однос на реалниот трошок и тоа за амортизација на возилото, гориво, патарина и други патни трошоци и доколку се констатираат значителни отстапувања, да се преиспита вака уреденото законското решение за покривање на наведените патните трошоци на пратениците и да се дадат насоки за натамошно постапување.

7.2. Обрнуваме внимание дека Собранието се јавува како тужена страна во четири судски постапки и тоа во три судски постапки по основ на надомест на штета и работен спор каде вредноста во моментот на

отпочнување на постапката не е утврдена и во една судска постапка по основ на стопански спор каде вредноста во моментот на отпочнување на постапката е утврдена во вредност од 7.440 илјади денари, како тужител се јавува во една судска постапка по основ на надомест на штета по која Собранието побарува вредност од 1.691 илјади денари.

7.3. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Собранието во текот на ревизијата:

- Извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2010 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2010 година, кои што како ефекти од ревизијата ја зголемуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2010 година за 54.852 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број 1000001 од 02.01.2011 година.

**Собрание на Република Македонија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 465,459 | 404,649 |
| **Вкупно приходи** | | **465,459** | **404,649** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 245,806 | 240,136 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | - | 129 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 136,039 | 122,849 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 170 | 191 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **382,015** | **363,305** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 83,444 | 41,344 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **83,444** | **41,344** |
| **Вкупно расходи** | | **465,459** | **404,649** |

**Собрание на Република Македонија**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 352 | 793 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 1,676 | 962 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 171,958 | 63,150 |
| Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар | 4.1.4. | 2,057 | 1,685 |
| **Вкупно тековни средства** | | **176,043** | **66,590** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 8,850 | 8,850 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 538,445 | 509,643 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.1. | 137,777 | 1,955 |
| **Вкупно постојани средства** | | **685,072** | **520,448** |
| **Вкупна актива** | | **861,115** | **587,038** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 114,349 | 32,775 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 32,991 | 9,316 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 3,357 | 960 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 21,261 | 20,099 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 139,806 | 1,756 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **311,764** | **64,906** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 549,352 | 522,132 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **549,352** | **522,132** |
| **Вкупна пасива** | | **861,116** | **587,038** |

**Собрание на Република Македонија**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **520,447** | **1,685** | **522,132** |
| **Зголемување по основ на:** | **141,101** | **8,282** | **149,383** |
| Набавки | 91,002 | 8,282 | **99,284** |
| Стекнување со Одлука на Влада | 8,264 | - | |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 41,835 | - | **41,835** |
| **Намалување по основ на:** | **(114,253)** | **(7,910)** | **(122,163)** |
| Амортизација на постојани средства | (25,794) | - | **(25,794)** |
| Расход по попис | (2,742) | - | |
| Исправка на вредност на стекнати средства по Одлуки на Влада на РМ | (2,310) | - | **(2,310)** |
| Отуѓени средства | - | - | |
| Прифатени корекции во текот на ревизијата | (82,925) | - | |
| Кусок по попис | (482) | - | **(482)** |
| | - | - | - |
| Корекции во тек на годината | - | - | - |
| Амортизација | - | - | - |
| Продажба на хартии од вредност | | | |
| Потрошок | | (7,910) | |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **547,295** | **2,057** | **549,352** |

**Прилог 1**

## Резултати

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 0803-131/5 од 02.07.2009 година за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на сметката на Основен буџет – 637 на Собранието на Република Македонија**

| Бр./врска на наодот/препораката во КИ на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Систем на интерни контроли** | | | | |
| 11.1.1. | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на евиденција на присуство на пратениците на седници и работни тела, ревизијата констатира дека истиот не гарантира дека исплатените плати на пратениците се однесуваат за вистински | Во Деловникот да се утврдат критериуми за оценување на оправданоста на отсуството на пратениците согласно Законот за пратеници. | Препораката не е спроведена. | Не се утврдени критериуми за оценување на оправданоста на отсуството на пратениците во Деловникот на Собранието на Република |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

____________________________

____________________________ ____________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | извршената работа (присуство на седници). Имено, иако пред почетокот на секоја седница пратениците се потпишуваат во евидентен лист за присуство, не постои соодветна евиденција и контрола на присуството на пратениците на Собраниските седници.<br>При исплатата на платата на пратениците земени се предвид само неоправданите отсуства (три пати едноподруго неприсуствување на седница) за кои согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија соодветно се намалува платата. Во 2008 година по овој основ извршено е намалување на платата само на двајца пратеници, а од Прегледот на присуство на пратениците на седниците може да се види реалното присуство на | | | Македонија. |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

____________________________
____________________________ ___________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | пратениците, односно дека постојат пратеници кои присуствувале само на неколку од одржаните 68 седници во текот на 125 дена во 2008 година. За оправданите отсуства, кои се пријавуваат на Претседателот на Собранието пред почетокот на секоја седница не постои ограничување во однос на бројот и причината за истите. Во Деловникот на Собранието не се наведени причините за оправданото отсуство на пратеникот (критериуми) според кои се оценува оправданоста на отсуството на пратениците спротивно на Законот за пратеници, каде истото е предвидено. | | | |
| 11.1.2. | При оценка на системот на интерни контроли во процесот на приемот и дистрибуција на потрошните материјали, констатирано е | Генералниот секретар да донесе интерен акт со кој ќе се утврди начинот на приемот и дистрибуција на потрошните | Препораката е спроведена.<br><br>Препораката е | Донесено е Упатство за начинот на прием и дистрибуција на потрошените |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

______________________________
______________________________ ______________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | следното:<br>- не постои разграничување на должностите во овој процес, односно едно лице (магационерот) ги спроведува нарачката, приемот, како и материјалната и финансиска евиденција. Со актот за систематизација и организација предвидена е позицијата книговодител на потрошен материјал, но истата не е пополнета;<br>- издавањето на материјали од магацинот се врши врз основа на требовање потпишано од страна на лицето кое го подига материјалот и магационерот, без одобрение на раководителот на соодветниот сектор.<br>Поради ова, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли во процесот на прием и | материјали.<br>Да се преземат потребните активности за пополнување на работното место книговодител на потрошен материјал предвидено со Актот за систематизација и организација. | спроведена. | материјали бр 02-5377/1 од 24.12.2009 година<br><br>Во текот на 2010 година донесени се::<br>- решение за распоредување на државен службеник на работно место виш референт – книговодител на потрошни материјали и<br>- решение за распоредување на државен службеник на работно место самостоен референт – материјален книговодител. |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

______________________________
______________________________ ______________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | дистрибуција на материјалите не функционираат на начин со кој ќе биде покриен ризикот од злоупотреба на залихата на потрошниот материјал. | | | |
| **Неправилности во искажувањето на расходите** | | | | |
| 11.1.3. | При оценка на системот на интерни контроли во процесот на плати и надоместоци, ревизијата констатира дека не постои разграничување на должностите при евидентирање на надоместоците за прекувремена работа. Имено, спротивно на одредбите на Законот за работни односи и Законот за државни службеници ангажираното лице за прекувремената работа го потпишува и налогот за работа. Поради тоа ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои би гарантирале дека исплатените надоместоци за | При исплатата на овој вид надоместок да се воспостави контролна постапка со која ќе се изврши разграничување на должностите при евидентирање и исплата на надоместоците за прекувремена работа. | Препораката е спроведена. | Работниот налог за прекувремено ангажирање на вработените во секторите го потпишува Раководителот на Сектор а ги одобрува Генералниот секретар или Заменик Генерален секретар, а работните налозите за раководителите на секторите, државните советници и Шефот |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

__________________________
__________________________ __________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | прекувремена работа се однесуваат за вистински извршената работа. | | | на Кабинет ги одобрува директно Генералниот секретар или Заменик Генерален секретар. |
| **Спроведување на законски прописи** | | | | |
| 11.2.1. | Со увид во Извештајот на Централната комисија за попис од извршениот попис на средства и нивните извори во Собранието на Република Македонија, ревизијата констатира дека спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници не е донесена Одлука за резултатите од пописот и усвојување на Извештајот од извршениот попис со која би се предложиле мерки за утврдените кусоци и вишоци како и отпис на | Пописот на средствата и на нивните извори да се изврши согласно Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, опфаќајќи ги сите фази од физичкиот попис до изготвување Одлуки за усвојување на извештајот од пописот. | Препораката е спроведена. | За извршениот попис со состојба 31.12.2010 година изготвен е Извештај на Централната комисија за попис од извршениот попис на средствата и нивните извори во Собранието на Република Македонија и од страна на Генералниот секретар донесена е Одлука за усвојување на |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

__________________________
__________________________ __________________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | застарени побарувања и обврски. Отсуството на Одлука за усвојување на извештајот од пописот придонесува за неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба кое има влијание на реално и објективно искажување на билансните состојби. | | | извештајот за попис на средствата и нивните извори со состојба 31.12.2010 број 02-761/ од 07.02.2011 година, со која е задолжен секторот за финансиски прашања во Службата на Собранието на Република Македонија да постапи по предлозите од Извештајот и да изврши книжење на разликите и усогласување на книговодствената со фактичката состојба утврдена со пописот. |

*Ревизорски тим:*

________________________
________________________

*Овластен државен ревизор*

________________________